Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 174/0306
28.10 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25.10.2024 година, врз основа на примена жалба од **Емилија Целакоска** ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Корупција во високото образование: Студент напишал труд, професорот барал да биде впишан како коавтор“** објавен од онлајн медиумот МЕТА на 22.09.2025, не отстапува од професионалните и етичките стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката Емилија Целакоска до Извршната канцеларија на СЕММ на 23.09.2024 г. упати жалба за медиумот МЕТА, за објавен текст во врска со корупција во високото образование во државата, со оценка дека медиумот го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија.

Жалителката дескриптивно појаснила дека конкретно се жали за насловот на текстот, па кратко навела:

**„Насловот е злонамерно спротивен на информацијата во текстот. Во текстот се тврди дека пријавата за случката од насловот била лажна. Со вакви лажни наслови граѓаните злонамерно и неосновано да се насочуваат против високообразовните институции и професорите.“**, вели Целакоска.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата, потсетувајќи и на можноста случајот да се реши и по пат на медијација. Притоа, детално беа појаснети наводите на жалителката и основите по кои таа смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

Од медиумот потпишан во име на Редакцијата на МЕТА веднаш по приемот промптно одговорија дека ја прифаќаат жалбата како основана и дека се согласуваат со можноста спорот да се реши со медијација. Притоа детално информираа како постапиле во случајот:

**Воедно ве информираме дека сме подготвени на медијација со жалителката, со оглед на тоа што во меѓувреме извршена е корекција на објавата, односно сменет е насловот на текстот, со придружно објаснување од кои причини е направена измената.**

**Во прилог е линкот на коригираната објава: Корупција во високото образование: Продажбата на книги од професори е најчеста коруптивна појава | Meta.mk.**

**Должни сме да појасниме дека оваа ситуација настана откако еден од соговорниците, неколку часа по објавата на текстот, ја смени изјавата и побара да извршиме промена во текстот. Инаку, токму од таа првична изјава произлегуваше и првичниот наслов.**

**По извршените измени во изјавата на барање на соговорничката, насловот повеќе не кореспондираше со содржината, а наша редакциска грешка е што веднаш не направивме измена во насловот. Се надеваме дека жалителката ќе го земе предвид ова појаснување, нашето искрено жалење за пропустот и извршената корекција од наша страна.** се наведува меѓу другото во одговорот од Редакцијата на МЕТА.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека објавениот текст со наслов **„Корупција во високото образование:Студент напишал труд, професорот барал да биде впишан како коавтор “,** објавен од онлајн медиумот МЕТА на 22.09.2025, не отстапува од професионалните и етичките стандарди и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту пак на Насоките за етичко известување во онлајн медиумите изготвени од СЕММ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа оспорениот текст, при што утврди дека станува збор за тема од висок јавен интерес и дека жалителката внимателно забележала дека насловот не кореспондира со изнесеното во текстот. Впрочем, тоа не го негира ниту Редакцијата на МЕТА, а разликата е во тоа што жалителката смета дека станува збор за злонамерност, додека Редакцијата појаснува дека станува збор за ненамерна грешка и превид. Комисијата не можеше да го потврди обвинувањето од жалителката за злонамерност, имајќи ја предвид реакцијата на МЕТА.

Комисијата, исто така, беше известена дека и покрај признавањето на грешката и нејзиното исправање, како и отворената понуда да се прифати медијација во спорот со жалителката, одговор од Целакоска не беше добиен, иако редовно беше комуницирана од Извршната канцеларија на СЕММ преку меилот, од каде беше испратена жалбата.

Комисијата, ценејќи ги сите околности на случајот, **а особено тоа што станува збор за сменета изјава на соговорник, но и брзата реакција на МЕТА, со се понуда за медијација и објавена исправка и извинување**, заклучи дека медиумот во дадениот случај не прекршил ниту едно етичко правило во Кодексот и од Насоките. Грешката ја увидел во моментот кога од СЕММ бил известен за истата и **ВЕДНАШ** ја исправил. Всушност, медиумот постапил согласно **Членот 3 од Кодексот на новинари**, и уште попрецизно, го спровел како што на тоа упатуваат и Насоките за спроведување на овој член, општо прифатени документи во медиумската заедница во однос на саморегулацијата во кои се вели:

**Член 3**

**Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.**

**Насоки за примена на членот 3 од Кодексот:**

**3.1. Онлајн медиумите се обврзуваат навремено да ја исправат секоја објавена информација за која ќе се утврди дека не е точна, или да ја дополнат информацијата која е нецелосна. Ова особено се однесува на информациите што некому можат да предизвикаат материјална штета или да нарушат нечиј углед.**

Комисијата ценеше дека брзата реакција од медиумот и признавањето на грешката, исправката на насловот и појаснување во детали зошто е сменет овој важен дел од секое медиумско известување (насловот), е максимум покажан напор, кој треба да е пример како се чита и спроведува членот 3 од Кодексот. Комисијата ценеше дека со одлуката, истовремено, ќе ги охрабри и другите медиуми да постапуваат на овој начин кога станува збор за ненамерна грешка. Односно, веднаш да ја исправат согласно членот 3 и Насоките за негово спроведување.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Зеријета Јајага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис. На седницата не присуствуваше Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595